#INNO4EDU

| Наслов на активноста | |
|---|---|
| Сетила за вкус | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (од 7 до 8-годишна возраст) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Истрајност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 20 минути | 20 минути |
| **Цели** | |
| Целта е кај детето да се развие сензибилноста на сетилото за вкус. | |
| **Очекувани резултати** | |
| Детето истражува со разновидни материјали и донесува заклучоци. | |
| **Насоки** | |
| **<u>Претходна подготовка за активност</u>**<br>Подготовка на материјали за експеримент, боење и сечење.<br><br>**<u>Инструкции/насоки за играта</u>**<br>За овој експеримент потребно е детето да ги следи инструкциите од возрасниот:<br>- Да стави малку шеќер на јазикот и да обрне внимание на кој дел од јазикот ќе го почувствува слаткиот вкус (на тоа место се наоѓа сетилото за сладок вкус);<br>- потребно е детето истото да го направи и со другите материјали, сок од лимон - да го пронајде местото за кисел вкус, сол - за да го пронајде за солен вкус, тоник - за да го пронајде местото за горчлив вкус;<br>- на детето му се дава шема која може и само да ја нацрта (прилог бр. 1), на која треба да го обои јазикот според дадени инструкции;<br>- потоа треба да ги исече јазикот  и главата на шемата, да ја засече испрекинатата линија на устата, да го протне јазикот и да го залепи на означеното место. | |

**<u>Активност/игра</u>**

Со детето се разговара за сетилото за вкус кое се наоѓа на јазикот. Му се објаснува дека на различни места на јазикот може да почувствуваме различни вкусови. Потоа се прави експеримент, а детето добива шема со дадени инструкции. По активноста детето може да истражува и други вкусови од прехранбените производи коишто ги имаат дома и од вкусовите коишто најмногу му се допаѓаат на детето може да направите еден овошен сок.

| **Прилози** | **Материјали** |
|---|---|
| <u>Прилог бр. 1</u><br><br>Шема на дете со јазик | • Шеќер; сок од лимон; сол; тоник(швепс);<br>• шема;<br>• ножици;<br>• боици;<br>• лепило. |

**Активноста е подготвена од:**

Едукатори: Соња Чаловска, Весна Пецева

Графички дизајн: Катерина Николовска

Лектура: Јана Михајловска

Превод: Агим Лека






ГОРЧЛИВО
КИСЕЛО
СОЛЕНО
СЛАТКО

Обои го вкусот за слатко на јазикот со **зелена боја**. Обои го местото за кисело на јазикот со **жолта боја.** Обои го местото за горчливо на јазикот со **црвена боја**. Обои го местото за солено на јазикот со **сина боја**.

